Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 23.12.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 6465 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

## ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:

Вонредниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 4 и член 28 став 1, 2 и 3, **а во врска со член 64 став 2, член 141 и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), е спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Гостивар, **Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги Радиодифузно трговско друштво АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар** на ден 22.12.2014 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:

**Вонреден програмски надзор е спроведен на следниве околности: кои програмски сервиси ги реемитува операторот, дали реемитува програмски сервиси за кои немаат потврда издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дали реемитува програмски сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско емитување, како и дали доколку реемитува програмски сервиси што се титлуваат на јазик различен од оригиналниот на тие сервиси има титлови на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните на Република Македонија.**

## КОНСТАТАЦИИ:

При извршениот вонреден програмски надзор врз операторот **Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги Радиодифузно трговско друштво АС-САТ ДОО увоз-извоз Гостивар**, на ден 22.12.2014 година констатирано е дека овој оператор, на подрачјето на Гостивар, во рамките на аналогниот пакет реемитува вкупно 14 програмски сервиси кои се опфатени со потврдите за

регистрација на пакет програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не се констатирани прекршувања.

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**